# ИСПРАВКА

Во извештајот во делот општи податоци за општина Радовиш се направени грешки во податоците и тоа:

На страна 4-географска локација и рељеф. Наместо ,,Градот Радовиш е сместен на надморска висина од 38 метри,, треба да стои: ,, градот Радовиш е сместен на надморска висина од 370,,
На страна 4-во делот населени места. Наместо ,,во општината има една градска и 20 селски населби,, треба да стои ,,во општината има една градска и 24 селски населби,,
Наместо ,,има само две населби со повеќе од 1000 жители,, треба да стои ,,има само три насеби со повеќе од 1000 жители,,.
Наместо ,,во останатите населби живеат помеѓу 300 и 100 жители,, треба да стои ,,во останатите населби живеат помеѓу 300 до 1000 жители.
Од 51-300 жители има 5 населби и од 0-50 жители има 5 населби.

Делот за локални патишта целосно се заменува со следниот подолу:

,,Локалните патишта претставуваат дел од од целиот систем на патна мрежа на општина Радовиш, бидејки градот е поврзан со сите населби. Со некои од населбите поврзаноста е директна, а со некои со крак кој се одвојува од магистралниот или регионалниот пат.

Локални патни правци во општина Радовиш се:

-Радовиш-Плачковица во должина од 19,3 км.

-Радовиш- Ињево 4 км.

-Радовиш-Раклиш-Ораовица-Подареш- 8,4 км.

-Радовиш-Калаузлија -6 км.

-Радовиш-Аликоч-Коџалија-8,5 км.

Сите овие патни правци се асфалтирани.

Населени места кој со асфалтен крак се одвојуваат од магистралниот патен правец се: Дамјан - 3,2 км. Тополница 3,5 км. Воиславци 1,1 км, Сулдурци 1,1км, Калугерица 1км. и Злеово 2,3 км.

Населени места кој со неасфалтиран крак се одвојуваат од магистралниот патен правец се: Бучим 4,6 км од кои 2,6 се тампонирани,а2 км

се асфалтирани од правец на населеното место кон магистралниот пат. Вкупната должина на патниот правец магистрален пат-Прналија- Супурге изнесува 10,4 км, од кои до Прналија се околу 4,5 км. Јаргулица 2,5 км и Покрајчево 2,5 км.

Населени места со некатегоризирани патишта кој со крак се отклонуваат од локалните патни правци се:

Штурово-0,8 км од локален патен правец Радовиш-Плачковица
Козбунар-2 км од локален патен правец Радовиш-Плачковица
Шипковица -9 км од локален патен правец Радовиш-Плачковица
Смиланци-14,5 км од локалниот патен правец Радовиш-Подареш.
Папавница -4км од Калугерица
Погулево- 1,5 км од Дамјан,,

Од општинска администрација

Врз основа на чл. 43 ст. 1 т. ___ од Стаутот на општина Радовиш,
Советот на општина Радовиш на седница оджана на ______2008 год.,
донесе

# П Р Е Д Л О Г - П Л А Н
За подобрување на работата и управувањето
со општина Радовиш

Општина Радовиш беше вклучена во <Програмата за лидерски стандарди< на сопствена пријава. Самата пријава беше да се утврди каде се движи општината во својот развој кои се јаките страни што ги

поседува, а кои се слабите страни и каде треба да презема чекори кон својот развојот и потреби на граѓаните.

Воедно професионалниот пристап и проценка од колеги и локални власти го сметаме за вистински критички поглед на нашата работа. Во Извештајот за проценка на лидерските капацитети на општина Радовиш изготвен од тимот составен од ЗЕЛС кој ја посети општината претставува основа за подобрување на работата и начинот на управувањето со општината.

Со решение на градоначалникот на општина Радовиш формиран е тим од општинската администрација кој го изготви овој предлог-План, а кој тим воедно ќе работи и на неговото спроведување по усвојувањето од советот на општината.

Препораките на <критичкиот пријателски тим< се прифатени како реални гледања на, за нас, познати проблеми на кои и досега сме работеле и размислувале со планирање во програми, во Акциони планови како и други стратешки документи на ниво совет на општина, градоначалник, општинска администрација, НВО и други субјекти. Сепак со овој План си задаваме и конкретни задачи, со рокови, а с# во интерес на локалната заедница.

Пристапот за реализација на Планските задачи кој си ги задаваме е редоследен и во согласност со Извештајот.

**Улога: Лидерски способности**
**Компетентност 1: Визија и стратегија**

**Јаки страни**

- изработени и усвоени стратешки документи
- вклученост на заедницата во процесот на изработка на стратешките планови
- усогласеност во плановите со реалните буџетски средства

**Што може да се подобри**

1. Недостаток на стратегија за задржување на младите
2. Заштита на животната средина
3. Недостаток од стратегија за подигање на јавната свест

4. Недостаток од стратегија за управување со отпад

- **<u>Цели и задачи</u>**

1. Недостаток на стратегија за задржување на младите
    - ***Изработка на локална стратегија за млади за општина Радовиш до 31.10.2008 год.***

2. Заштита на животната средина
    - ***Ревизија на ЛЕАП до 31.10.2008 год.***
    -

3. Недостаток од стратегија за подигање на јавната свест
    - ***Изработка на стратегија за подигање на јавна свест.***

1. Недостаток од стратегија за управување со отпад
    - ***Изработка на стратегија за управување со отпад до 31.10.2008 год.***

5. Недостаток од стручен кадар

- ***отварање стручни паралелки средното училиште за потребите на стопанството***

| **Цел бр.** | **АКТИВНОСТ** | **ОДГОВОРЕН** | **Почеток** | **Завршување** | **Ресурси Инпутс** | **Оутпутс** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТЕМА: | | | | | | | |

| 1. Недостаток на стратегија за задржување на младите | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел бр. 1** | **АКТИВНОСТ** | **ОДГОВОРЕН** | **Почеток** | **Завршување** | **Ресурси Инпутс** | **Оутпутс** | **Индикатори** |
| 1. | Формирање на тим за координирање на активностите | ЛЕР | 01.07.2008 | 07.07.2008 | Доволен број на човечки Ресурси и техничка опрема. | Определување на составот и бројот на членовите на комисија за стратешко планирање. Организирање на првичен состанок. | Број на одржани состаноци и број ангажирани лица. |
| 2. | Собирање на информации и податоци за дадената тема. | Тим за координирање на активностите | 07.07.2008 | 14.07.2008 | Национална стратегија за млади; Локални стратегии за млади на соседни општини; Национална стратегија за вработување; Демографски податоци од последниот попис; Направени анкети од НВО за потребите на малдите; | Готови материјали за работа на комисијата за стратешко планирање | Број на подготвени материјали. |
| 3. | Формирање на комисија за стратешко планирање и одржување на прв состанок. Работа на мисија и визија. | Тим за координирање на активностите | 15.07.2008 | 18.07.2008 | Претставници од ЕЛС, Мин. за труд и социјала-подрачна единица-Радовиш, невладин сектор-граѓански здруженија кои ги третираат проблемите на младите, АВРМ-Центар-Радовиш, претставници од бизнис секторот,претсатвници од образовниот сектор и претставници на учениците во општината. | Јавност и транспарентност. Изјава за мисија и визија на стратешкиот документ. | Број на присутни лица. |
| 4. | Одржување на втор состанок на комисијата за стратешко планирање. Работа на СВОТ анализа. | Тим за координирање на активностите | 25.07.2008 | 29.07.2008 | Тим за координирање на активностите и претставниците на комисијата за стратешко планирање. | Јавност и транспарентност. СВОТ анализа | Број на присутни лица. |
| 5. | Подготвување и спроведување на јавна анкета меѓу учениците од прва до четврта година во општинската гимназија. | Тим за координирање на активностите | 01.09.2008 | 05.09.2008 | Учениците од прва до четврта година во ОСУ „Коста Сусинов„ Радовиш | Анализата на анкетата и искажаното мислење на целната група за нивните приоритети и потреби. | Спроведени и анализирани 120 анкети. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Одржување на трет состанок на комисијата за стратешко планирање.<br>Определување на приоритети. | Тим за координирање на активностите | 08.09.2008 | 20.09.2008 | СВОТ анализа.<br>Анализата на анкетата и искажаното мислење на целната група за нивните приоритети и потреби. | Јавност и транспарентност.<br>Определување на приоритети на стратегијата, цели, задачи, рокови и одговорни лица и институции. | Определени приоритети.<br>Број на присутни лица. |
| 7. | Одржување на четврти состанок на комисијата за стратешко планирање. Подготовка на буџет врз основа на приоритетите. | Тим за координирање на активностите | 20.09.2008 | 30.09.2008 | Приоритетите на стратегијата, цели, задачи, рокови и одговорни лица и институции. | Јавност и транспарентност.<br>Изготвен буџет за сите активности вградени во стратегијата за млади. | Број на присутни лица.<br>Готов буџет. |
| 8. | Одржување на состанок на тимот за координирање на активностите за определување на изгледот и воведниот дело од стратегијата. | Тим за координирање на активностите | 01.10.2008 | 10.10.2008 | Изготвените материјали од страна на комисијата за стратешко планирање. | Нацрт-документ „Стратегија за млади на општина Радовиш„ | Разгледување на нацрт- документот од комисија за образование, спорт и култура при Совет на општина Радовиш |
| 9. | Усвојување на „Стратегија за млади на општина Радовиш„ од Совет на општина Радовиш | Комисија за образование, спорт и култура при Совет на општина Радовиш | 10.10.2008 | 20.10.2008 | „Стратегија за млади на општина Радовиш„ | Јавност и транспарентност.<br>Увоена „Стратегија за млади на општина Радовиш„ од страна на Општина Радовиш | Нема. |
| 10. | Печатење, подготвување на ЦД, ставање на веб страната на општината и одржување на јавна презентација на документот. | Тим за координирање на активностите | 20.10.2008 | 31.10.2008 | Одобрени средства од буџетот на општината. | Изготвена стратегија. | Број на испечатени примероци. Број на подготвени цд-а. Број на посети на веб-страната на општината, број на присутни на јавната презентација. |

ТЕМА:

## 2. Заштита на животната средина

| Цел бр. | АКТИВНОСТ | ОДГОВОРЕН | Почеток | Завршување | Ресурси Инпутс | Оутпутс | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Формирање на тим за координирање на активностите | Одделение за животна средина | 01.08.2008 | 08.08.2008 | Доволен број човечки ресурси-обучен кадар. Техничка опременост. | Определување на составот и бројот на членовите на тимот за ревизија. | Број на одржани состаноци и број ангажирани лица. |
| 2. | Собирање на информации и податоци за дадената тема. | Тим за координирање на активностите | 08.08.2008 | 16.08.2008 | Локален ЛЕАП; Национален план за управување со отпад; Национална стратегија за животна средина; ЈКП ,,Плавајa,, | Готови материјали за работа на тимот. | Број на подготвени материјали. |
| 3. | Одржување на прв состанок на тимот. | Тим за координирање на активностите | 25.08.2008 | 10.09.2008 | Тим за координирање на активностите. | Јавност и транспарентност. Ревизија на документот. | Број на присутни лица. |
| 4. | Одржување на втор состанок на тимот. | Тим за координирање на активностите | 10..09.2008 | 15.09.2008 | Тим за координирање на активностите. | Јавност и транспарентност. Ревизија на документот. | Број на присутни лица. |
| 5. | Одржување на трет состанок на тимот. | Тим за координирање на активностите | 15.09.2008 | 20.09.2008 | Тим за координирање на активностите. | Јавност и транспарентност. Ревизија на документот. | Број на присутни лица. |
| 6. | Одржување на четврт состанок на тимот. | Тим за координирање на активностите | 20.09.2008 | 25.09.2008 | Тим за координирање на активностите. | Јавност и транспарентност. Ревизија на документот. | Број на присутни лица. |
| 7. | Одржување на состанок на тимот и разгледуван на нацрт документот. | Тим за координирање на активностите | 01.10.2008 | 05.10.2008 | Изготвените материјали од страна на комисијата. | Нацрт-документ | Разгледување на нацрт- документот од комисија на Совет на општина Радовиш |
| 8. | Усвојување на ревидираниот документ ЛЕАП за општина Радовиш од Совет на општина Радовиш | Комисија на Совет на општина Радовиш | 05.10.2008 | 20.10.2008 | Ревидиран ЛЕАП | Јавност и транспарентност. Увоен ревидиран ЛЕАП од страна на Советот Општина Радовиш | Нема. |
| 9. | Печатење, подготвување на ЦД, ставање на веб страната на општината и одржување на јавна презентација на документот. | Тим за координирање на активностите | 20.10.2008 | 31.10.2008 | Одобрени средства од буџетот на општината. | Изготвена стратегија ЛЕАП. | Број на испечатени примероци. Број на подготвени цд-а. Број на посети на веб-страната на општината, број на присутни на јавната презентација. |

| ТЕМА: 3. Недостаток од стратегија за подигање на јавната свест | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел бр.** | **АКТИВНОСТ** | **ОДГОВОРЕН** | **Почеток** | **Завршување** | **Ресурси Инпутс** | **Оутпутс** | **Индикатори** |
| 1. | Ангажирање на консултантска куќа за изготвување на стратегија за отпад на општина Радовиш. | Градоначалник на општина Радовиш | 01.07.2008 | 31.10.2008 | Човечки ресурси на општината кои ќе работат со помош на консултантите. | Изготвена стратегија за отпад. | Број на вклучени луѓе. Број на одржани работилници. |

| ТЕМА: 4. Недостаток од стратегија за управување со отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел бр.** | **АКТИВНОСТ** | **ОДГОВОРЕН** | **Почеток** | **Завршување** | **Ресурси Инпутс** | **Оутпутс** | **Индикатори** |
| 1. | Ангажирање на консултантска куќа за изготвување на стратегија за отпад на општина Радовиш. | Градоначалник на општина Радовиш | 01.07.2008 | 31.10.2008 | Човечки ресурси на општината кои ќе работат со помош на консултантите. | Изготвена стратегија за отпад. | Број на вклучени луѓе. Број на одржани работилници. |

| ТЕМА: 5. Недостаток од стручен кадар | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел бр.** | **АКТИВНОСТ** | **ОДГОВОРЕН** | **Почеток** | **Завршување** | **Ресурси Инпутс** | **Оутпутс** | **Индикатори** |
| 1. | Елаборат за потребите на стопанството од стручен кадар во прехрана | ЛЕР -бизнис сектор | Веднаш | 05.07.2008 | вработени -наставен кадар -анкетни листови | извештај од анализа, -средби | Утврдена потреба за отварање прехранбен смер во ОСУ. |
| 2. | Барање до МОН | -ОСУ, -ЕЛС | 06.07. 2008 | 15.08. 2008 | -наставен кадар | Потреба од стручни лица | Добиена согласност за отварање паралелка |
| 3. | Упис на учници | -ОСУ | Август 2009 | Контину. ирано | Стручен кадар | Анализа за потреба | Стручен кадар од прехранбена насока |

**Компетентност 2: управување на човечки ресурси**

**Јаки страни:**

- редовна и рамномерна едукација на вработените и план за обука.
- добра соработка и координираност на сите нивоа на вработени.

**Што може да се подобри:**

1. Потреба за доекипирање на општинската администрација.

**Одговор:**

Во меѓувреме објавен е оглас за прием на државни службеници од ЛЕР, урбанизам и финансии, а советник за образование има во февруари оваа година со внатрешно распоредување на државен службеник со исто звање.

2. Подобрување на просторните услови и возниот парк во општината

**Одговор:**
Што се однесува до просторните услови за работа на општинската администрација во општина Радовиш, може да се каже дека општината има обезбедено просторни услови за сите вработени во општинската администрација, во тек е подготовка на проект за надградба на општинската зграда на еден дел, со што ќе се обезбедатповеќе просторни услови за распореддување на веќе вработените, а што се однесува за обезбедување на посторни услови за работа на НВО секторот и претставниците на урбаните заедници, општината нема ниту можност ниту законска обврска за обезбедување на просторни услови за истите.

Што се однесува до подобрувањето на возниот парк на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесе Одлука за набавка на две возила за потребите на општината и постапката за

набавка на возила е во тек, што значи дека се работи на подобрување на возниот парк на општина Радовиш, со тоа што возниот парк ќе брои 5 возила.

Рок: 31.10.2008 година,

**Компетентност 3: Комуникација**

**Јаки страни:**

- Многу добра внатрешна комуникација и соработка на сите нивоа
- Добра соработка меѓу централната и локалната власт

**Што може да се подобри:**

1. Неажурирана веб старница
2. Нема транспарентност во донесувањето на буџетот на општината
3. Зголемување на протокот на информации до граѓаните и бизнис секторот

**Цели и задачи**

1. Неажурирана веб страна

- ***Одлука за проширување на буџетот за 2008 год за средства потребни за ажурирање на веб страната.***

2. Нема транспарентност во донесувањето на буџетот на општината

- ***Активно ангажирање на локалната самоуправа во спроведување на јавни анкети за поголема вклученост на заедницата во процесот на донесување на буџетот.***

3. Зголемување на протокот на информации до граѓаните и бизнис секторот.

**Одговор:**

Сметаме дека забелешката бр: 3 - Зголемување на проток на информации до граѓаните и бизнис секторот во моментот на правење на мониторингот е точна, меѓутоа во меѓувреме општината започна со реализација на проектот : „Отварање на бизнис канцеларија во општина Радовиш,, финансиран од Министерство за економија со 600.000 денари.

Набавката на техничката опрема е во завршна фаза по што се очекува потпишување договор помеѓу општина Радовиш и АППРМ (Агенција за помош на претприемништвото во Р.Македонија) за спроведување на обуки, вклучување во проекти услуги кои ги нуди ова агенција, а преку бизнис-канцеларијата и подобрување на протокот на информации до граѓаните и бизнис секторот како и нивно идно вклучување во заеднички проекти и активности.

Сметаме дека ова е активност која е во финална фаза и има изготвен план за реализација во самиот проект така што не е неопходно да се подготви посебен план.

| Цел бр. | АКТИВНОСТ | ОДГОВОРЕН | Почеток | Завршување | Ресурси Инпутс | Оутпутс | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТЕМА: 1.Неажурирана веб страна | | | | | | | |
| **Цел бр. 1** | **АКТИВНОСТ** | **ОДГОВОРЕН** | **Почеток** | **Завршување** | **Ресурси Инпутс** | **Оутпутс** | **Индикатори** |
| 1. | Подготовка на Одлука за проширување на Буџетот на ЕЛС Радовиш за 2008г. | Одделение за финансии и буџет | 01.07.2008 | 30.09..2008 | Доволен број на човечки Ресурси и техничка опрема. | Подготвена Предлог Одлука и доставена до градоначалникот на ЕЛС Радовиш. | Број на одржани состаноци и број ангажирани лица. |
| 2. | Собирање на информации и податоци за дадената тема. | Сектор за урбанизам ИТ Техничар | 01.07.2008 | 15.07.2008 | Податоци, програми релевантни за општината | Материјали ставени на веб-страната на општината. | Број на подготвени материјали. |
| 3. | Постојана соработка со ЛЕР за собирање на податоци. Како и постојана соработка со сите сектори во општината. | Сектор за урбанизам ИТ Техничар | 15.07.2008 | 30.09.2008 | Одобрени средства од буџетот на општината. | Ажурирана веб-страна. | Број на посети на веб-страната на општината. |

ТЕМА:

2. Нема транспарентност во донесувањето на буџетот на општината

| Цел бр. | АКТИВНОСТ | ОДГОВОРЕН | Почеток | Завршување | Ресурси Инпутс | Оутпутс | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Заради зголемување на транспарентноста буџетот на општината или ребалансот по донесувањето ќе биде ставен на веб-страната | Одделение за финасии и буџет и ИТ техничар | 30.09.2008 | 31.10.2008 | Доволен број човечки ресурси-обучен кадар.<br>Техничка опременост. | Зголемена транспарентност. | Број на посети на веб-страната. |

Забелешка:

Раководителот на Секторот за финансирање и локален економски развој смета дека и во изминатиов период процесот на буџетирање се одвиваше транспарентно и јавно со вклучување на пошироката заедница со самото разгледување на барањата од граѓаните преку комисијата за урбанизам и комунално уредување на општината и врз база на тоа подготвената програма за урбанистичко уредување кој е составен дел на буџетот на општината. Истотака предлог-буџетот со сите негови програми кои се составен дел ги разгледува комисијата за финансирање и буџет при Советот на општината-претставници на граѓаните. Донесувањето на буџетот на општината задолжително се одвива во присуство на локални електронски медиуми кои ја пренесуваат информацијата до пошироката општествена заедница.

Горенаведената активност има за цел само да го подобри вклучувањето и информирањето на јавноста во процесот на буџетирање.

**Улога: Обезбедување на услуги**
**Компетентност 1: Планирање и проверување**

**Јаки страни:**

- Отварање на канцеларија ЦИОК (центар за информации и комуникации со граѓаните)
- воспоставен е систем за следење на програмата (месечни, квартални, годишни обврски)
- подготовка на капитални проекти

**Што може да се подобри**

1. Недостаток на јавни анкети

**Одговор:**

Општина Радовиш спроведува јавни анкети  и го сондира мислењето на граѓаните за сите законски предвидени анкети.

2. Едношалтерски систем

**Одговор:**

Општина Радовиш го доби проектотод ЕАР за едношалтерски систем. Постапката за јавна набавка е завршена и после формирањето на Владата на Република Македонија и потпишувањето на договорот ќе се отпочне со работа. Сметаме дека е во фаза на реализација и до 31.08 2008 год.ќе се заврши, а со тоа и исполнувањето на оваа препорака.

3. Неажуриран ЛЕАП

**Одговор:**

Прашањето за ажурирање на ЛЕАП-от на општина Радовиш е обработено во планот во првиот дел компетентност бр: 1 Визија и стратегија во делот на животна средина.

*Компетентност бр.2 :  Нови идеи и промени*

- **Јаки страни**

3. Центар за подршка на НВО.
4. Отворен ден за граѓаните за средби со градоначалникот.
5. Превентивно делување на инспекцискиот надзор.

- **Што може да се подобри**

5. Воспоставување на електронска архива.

- **Цели и задачи**

1. Воспоставување на електронска архива.

- ***Воспоставување на електронска архива за општина Радовиш до 31.10.2008 год..***

3. Формирање на паралелка за деца со посебни потреби
- ***формирана паралелка за деца со посебни потреби***

4. Воведување на ГИС систем

**Одговор:**

Општина Радовиш има добиено софтевер за ГИС систем преку УСАИД. Дел од вработените во секторот за урбанизам веќе посетија две обуки, има потреба од повеќе обики за системот да почне да функционира, бидејќи процесот е обемен и долготраен.

5. Формирање на Комисија за еднакви можности

- ***Советот на општина Радовиш ја формираше комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите***

| **Цел бр.** | **АКТИВНОСТ** | **ОДГОВОРЕН** | **Почеток** | **Завршување** | **Ресурси Инпутс** | **Оутпутс** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТЕМА: 1. Воспоставување на електронска архива. | | | | | | | |
| **Цел бр. 1** | **АКТИВНОСТ** | **ОДГОВОРЕН** | **Почеток** | **Завршување** | **Ресурси Инпутс** | **Оутпутс** | **Индикатори** |
| 1. | Обезбедување на информации за цената на подготовка на програмот за електронска архива. | Сектор за нормативно-правни и административни работи | 01.07.2008 | 15.07.2008 | Доволен број на човечки Ресурси и техничка опрема. | Доволен број на податоци. | Број на консултирани фирми. |
| 2. | Подготовка на одлука за проширување на буџетот на ЕЛС Радовиш за 2008 | Одделение за финансирање и буџет. | 15.07.2008 | 30.09.2008 | Доволен број на човечки ресурси. | Готова и усвоена одлука односно ребаланс. | Одржана седница на Совет. |
| 3. | Објавување на тендер за Јавна набавка за избор на фирма која ќе ја изработи програмата | Комисија за јавни набавки | 01.10.2008 | 01.02.2009 | Одлуката и ребалансот на буџетот. | Избрана фирма на тендерот. | Готова програма за електронско архивирање. |
| 4. | Обука на вработените од соодветното одделение или сектор за работа со програмот за | Избраната фирма | 01.02.2009 | 01.04.2009 | Техничка опременост и доволен број на човечки ресурси. | Обучени вработени за работа со програмот. | Обучени вработени за работа со програмот. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | електронско архивирање | | | | | | |
| **Цел бр.** | **АКТИВНОСТ** | **ОДГОВОРЕН** | **Почеток** | **Завршување** | **Ресурси Инпутс** | **Оутпутс** | **Индикатори** |
| | 6. Формирање на паралелка за деца со посебни потреби<br>• ***формирана паралелка за деца со посебни потреби*** | | | | | | |
| **Цел бр. 1** | **АКТИВНОСТ** | **ОДГОВОРЕН** | **Почеток** | **Завршување** | **Ресурси Инпутс** | **Оутпутс** | **Индикатори** |
| 1. | Заинтересирани родители за оваа паралелка | КОСК правен сектор | Веднаш | 15.07.08 | вработени<br>-анкетни листови | извештај<br>-средби | Утврден број на ученици |
| 2. | Барање до МТСП и МОН | -правен сектор | Веднаш | 20.07. 2008 | вработени | Известување | одобрени средства |
| 3. | Известување на родителите за упис | ОУ-та | 21.07. 2008 | 31.08. 2008 | ЕЛС<br>ОУ-та | Акционен план за социјална заштита | Формирана паралелка |

## Компетентност 3: Раководење со услугите

**Јаки страни:**

- План за спроведување на инфраструктурата (водовод, канализација)
- Воспоставени процедури за градба
- Отворен детски центар во рамките на ЈОУДК

**Што може да се подобри**

1. Нема ажурирана база на податоци за данок на имот

- ***Отпочнување на процес за ажурирање на базата на податоци за данокот на имот за општина Радовиш до 31.10.2008 год.***

| **Цел бр.** | **АКТИВНОСТ** | **ОДГОВОРЕН** | **Почеток** | **Завршување** | **Ресурси Инпутс** | **Оутпутс** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТЕМА: 1. Нема ажурирана база на податоци за данок на имот. | | | | | | | |
| **Цел бр. 1** | **АКТИВНОСТ** | **ОДГОВОРЕН** | **Почеток** | **Завршување** | **Ресурси Инпутс** | **Оутпутс** | **Индикатори** |
| 1. | Обезбедување на информации за потребните средства за ажурирање на базата. | Одделение за финансирање и буџет. | 01.08.2008 | 15.08.2008 | Доволен број на човечки Ресурси и техничка опрема. | Доволен број на податоци. | Број на консултирани лица. |
| 2. | Подготовка на одлука за проширување на буџетот на ЕЛС Радовиш за 2008 | Одделение за финансирање и буџет. | 01.09.2008 | 30.09.2008 | Доволен број на човечки ресурси. | Готова и усвоена одлука односно ребаланс. | Одржана седница на Совет. |
| 3. | Објавување на оглас за пријавување и ангажирање на лица за пополнување на даночни пријави за имотната состојба на граѓаните(процес од врата на врата) | Комисија формирана од градоначалникот | 01.08.2008 | 20.08.2008 | Пријави на граѓани. | Избрани ангажирани лица. | Број на пополнети пријави за данокот на имот на граѓаните во период од 1 месец. Ангажирани 50 луѓе. |
| 4. | Обука на ангажираните лица за пополнување на даночните пријави. | Одделение за даноци | 01.09.2008 | 05.09.2008 | Техничка опременост и доволен број на човечки ресурси. | Обучени ангажирани лица. | Обучени ангажирани лица |
| 5. | Работа на терен. Собирање на информации и пополнување на пријави. | Ангажирани лица | 05.09.2008 | 05.10.2008 | Техничка опременост и доволен број на човечки ресурси. | Сите домаќинства се опфатени. | Број на пополнети даночни пријави. |
| 6. | Обработка на пополнетите даночни пријави и утврдување на | Одделение за даноци | 05.10.2008 | / | Техничка опременост и доволен број на човечки ресурси. | Ажурирана база на податоци за состојбата со имотот на граѓаните | / |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | нова пазарна вредност на имотот на граѓаните | | | | | | |

2. Нема заеднички активности на бизнис секторот и општините

**Одговор:**

Забелешката; „Нема заеднички активности на бизнис секторот и општината,, не ја прифаќаме како таква.
Во изминатиов период општина Радовиш преку канцеларијата за Локален економски развој има превземено повеќе проекти во кои активно беа вклучени претставници на бизнис секторот во општината. А истотака во моментов се реализираат заеднички активности.

Во табелата подолу се наведени само поголемите проекти во кои директно беа вклучени претставници на бизнис заедницата:

| р.бр | Проект | Донатор | Состојба |
|---|---|---|---|
| 1. | ЈЦП- Проект на креирани работни места; подршка со субвенции | УНДП | 10 вработувања во приватната компанија „Студио Финеса,, реализиран |
| 2. | ЕМИ- Проект за волонтирање и вработување | УНДП | 30 волонтери од кои 15 вработувања реализиран |
| 3. | Уредување на тротоари на Кеј 8 Септември и 22 Октомври | Влада на РМ | Ангажирање на лица-социјални случаи Реализиран |
| 4. | Поправка на канафки, банкини и чистење на | Влада на РМ | Ангажирање на лица социјални случаи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | локалните патишта | | Реализиран |
| 5. | Пошумување на голини околу градот | Влада на РМ | Ангажирање на лица социјални случаи<br><br>Реализиран |
| 6. | Мапирање на инвестициски можности | УНДП | Реализиран |
| 7. | Експо реал каталог и учество | ГТЗ | Реализиран |
| 8. | Саем Плауен 2006 год. и 2007 год. | ГТЗ | Реализиран |
| 9. | Регионален водич за инвестиции И карта | ГТЗ | Реализиран |
| 10. | Бизнис центар | Влада на РМ | Аплициран |
| 11. | Македонско-Американски ранч во Радовиш (СТРАНСКА ИНВЕСТИЦИЈА) * | Здружение на фармери на Америка | Во фаза на пред договор |
| 12. | Изработка на стратегија и профил на општината | ВНГ Интернационал | Реализиран |

Со отварањето на Бизнис канцеларијата во просториите на општина Радовиш претставниците на бизнис секторот ќе имаат уште поголема можност да бидат вклучени во проекти како партнери во работата на општината.

Во периодот кој следи преку СУДЕП проектот на ЕАР ќе биде изработена физибилити студија за можностите на јавно-приватно партнерство. А од месец септември ќе започне работата на Локалниот акционен план за вработување проект финансиран од канцеларијата на КАРДС проектот за подршка на политика за вработување.

**Компетентност 4: Раководење со ресурсите**

**Јаки страни:**

- Транспарентност во раководењето со ресурсите
- Подобрување на наплата на даноци
- Воведување на нови алатки за зголемување на ресурсите

**Што може да се подобри**

1. Недоекипираност на територијалната противпожарна единица и кадровска неспособност
   - ***Вработување и доекипирање на територијалната противпожарна единица во Радовиш.***

| Цел Бр. | активност | одговорен | Поче-ток | Завр-шува | Ресурси инпутс | Оутпутс | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Барање до МВР средства за нови вработувања | Градона-чалник | Веднаш | 15.07.08 | Акт за системати-зација | -анкетни листови | Согласност од МВР за 5 нови работни места во ТППЕ |
| 2. | Распишување на оглас во ЕЛС | -Градона-чалник<br>-правен сектор | Октом-ври 2008 | 31. 12. 2008 | Акт за системати-зација | Објавен оглас | Примени 5 кандидати |

**Одговор:**

ТППЕ-Радовиш во рамките на ЕЛСопштина Радовиш влезе во месец јули 2006 година, моменталниот персонален и материјален состав на ТППЕ го имаме наследено од МВР.

Според стандардите од ППЗ за подрачјето на општината потребни се вкупно 23 извршители, ние располагаме со вкупно 16 иавршители што е за 7 помалку. што се однесува до кадровската екипираност се подразбира пополнување на саставот на ТППЕ со соодветно обучен кадар и поставување командир на единицата со соодветно образование односно со најмалку виша стручна спрема со најмалку техничко образование. Притоа мора да се води сметка за пополнување на единицата да се земат млади луѓе, бкидејќи страосната структура на сегашниот состав е приближно просечно околу 50 години староност.

Имајќи ја предвид природата на работата и работните задачи за чие извршување се потребни малди обучени извршители, психо-физички и здравствено способни во секој момент соодветно да одговорат на задачите за реализирање на напред наведеното ќе бараме од МВР од каде се и финансира ТППЕ да ни одобрат средства за пополнување на персоналниот состав за 22 извршители и еден командир. Барањето ќе биде испратено до почетокот на месец јули.

2. Релативно старосна структура на администрацијата
3. Нема професионално вработени лица во ЛЕР

**Одговор:**

Во меѓувреме општина Радовиш објави јавен оглас и постапката е во завршна фаза.

4. Нема референт за малцински прашања

- ***Во општина Радовиш има со договор, ангажирано лице за малцински прашања.***

**Улога: Ангажирање во заедницата**

**Компетентност 1: Учество на граѓаните**
**Јаки страни:**

- Транспарентност при усвојување на детален урбанистички план
- Соработка со граѓаните во училиштата преку училишни одбори и совет на родители
- Вклученост на урбаните заедници во стратешкото планирање на општината

**Што може да се подобри**
1. Нема јавна расправа околу носење на буџет

- ***Нема јавна расправа околу донесувањето на буџетот на општината.***

**Одговор:**

Раководителот на Секторот за финансирање и локален економски развој смета дека и во изминатиов период процесот на буџетирање се одвиваше транспарентно и јавно со вклучување на пошироката заедница со самото разгледување на барањата од граѓаните преку комисијата за урбанизам и комунално уредување на општината и врз база на тоа подготвената програма за урбанистичко уредување кој е составен дел на буџетот на општината. Истотака предлог-буџетот со сите негови програми кои се составен дел ги разгледува комисијата за финансирање и буџет при Советот на општината-претставници на граѓаните. Донесувањето на буџетот на општината задолжително се одвива во присуство на локални електронски медиуми кои ја пренесуваат информацијата до пошироката општествена заедница.

Горенаведената активност има за цел само да го подобри вклучувањето и информирањето на јавноста во процесот на буџетирање.

Доколку на ниво на општина се донесе одлука за организирање на јавни расправи Секторот за финансирање и ЛЕР е подготвен да одговори на зададената задача.

2. Нема кампања за подигање на јавната свест на граѓаните

**Одговор:**

Нема кампања за подигање на јавната свест на граѓаните.

Не се согласуваме со констатацијата во извештајот дека на подрачјето на општина Радовиш нема кампања за подигање на јавната свест на граѓаните. Кампања има, но можеби треба да биде поинтензивна и да трае во континуитет преку цела година по сите прашања кои треба да допрат до граѓаните, но и граѓаните треба да ги почитуваат пораките од спроведените кампањи.

На подрачјето на општината се воид кампања преку расположивите медиуми, билборди, пишувани табли со предупредувања, флаери, а посебно во периоди од годината кога се актуелни одредени настани (поплави, суша, пожари).

Постојани кампањи за подигање на јавната свест кај граѓаните во нашата општина се:

- Забрана за фрлање на отпад, шут и смет;
- Предупредувања за палење на оган;
- чување на паркови и зеленило;
- Предупредување за наменско користење на водата за пиење;

- Соопштенија, известувања и др. За отстранување на градежни материјали, огревни дрва, дефектни и приклучни возила од јавни површини, за чување на домашни животни, домашни миленици како и предупредувања во случај на појава од услови за можни заразни заболувања.

3. Слаба вклученост на руралните заедници во работењето на општината

**Одговор:**

Слаба вклученост на руралните заедници во работењето на општината.

Руралните заедници одсекогаш и сега се вклучени во работата на општината.

- Раководствата на МЗ во секое време се примани на разговор од градоначалникот или во негово отсуство и презафатеност, од администрацијата на ЕЛС, во зависност за какво прашање се работи.
- Редовно се бара мислење и приоритети од МЗ за изградба на инфраструктурни објекти посебно од комуналната сфера (пристапен пат, водоснабдување и др.) кои се вградуваат во годишната Програма на ЕЛС. Степеност на реализацијата на нивните барања зависи како и на сите останати места од финансиските можности на општината.
- Соработка во донесување и реализација на урбанистички палнови.
- Подршка и помош во административното работење на МЗ (правна, потврди, уверенија и др.).
- Спроведување на собири на граѓани.
- Соработка во доменот на заштита и спасување, образование, култура и др.

**Компетентност 2: Коалицирање**
**Јаки страни:**

- Високо ниво на соработка со соседната општина Конче (пружање услуги) -Центар за поддршка на НВО
- Одлична соработка помеѓу инспекциските служби на локално и централно ниво
- Добра соработка помжѓу ЛС и централната власт

**Што може да се подобри**

1. Подобрување на меѓуопштинска соработка

2. Недоволна поддршка на руралните средини

- ***Недоволна йодршка за руралниие средини.***

**Одговор:**

ЕЛС општина Радовиш во рамките на своите можности, но и на можностите на МЗ поединечно дава подршка на руралните средини посебно на оние кои во минатите години располагаа и со сопствени средства обезбедени преку МСП, но не беа запоставени и оние кои немаа сопствени извори на средства, така во најголем дел од нив е решено или се решава прашањето со водоснабдување, пристапни патишта и друго. Покрај контактите во просториите на ЕЛС со претставници на МЗ, градоначалникот и службите на ЕЛС често се присутни во населените места каде на лице место се запознаваат со проблемите и се бара начин за решавање на истите.

Во претстојниот период потребно е да се предвидат и да се планираат финансиски средства за најосновните активности на советите на МЗ (патни трошоци, од населените места до градот и одржување на простории доколку ги има месната заедница).

2. Непостоење на партнерски однос со бизнис секторот.

**Одговор:**

Со отварањето на Бизнис канцеларијата во просториите на општина Радовиш претставниците на бизнис секторот ќе имаат уште поголема можност да бидат вклучени во проекти како партнери во работата на општината.

Во периодот кој следи преку СУДЕП проектот на ЕАР ќе биде изработена физибилити студија за можностите на јавно-приватно партнерство. А од месец септември ќе започне работата на Локалниот акционен план за вработување проект финансиран од канцеларијата на КАРДС проектот за подршка на политика за вработување.